# Распродадени билетите за „Златна бубамара“

**Билетите за манифестацијата „Златна бубамара на популарноста“, што годинава се одржува на 22 февруари во ВИП-арената „Борис Трајковски“, денеска напладне биле пуштени во продажба и распродадени за 45 минути, информираат организаторите на настанот.**

Сепак, поради, како што велат, големиот интерес и повеќе од 9.000 побарувања преку онлајн-сервисот www.mktickets.mk, организаторот наредниве денови ќе ги извести заинтересираните дали ќе обезбеди уште билети преку онлајн-продажбата.